

# СУЗАНА ПОП-ИКОНОМОВА
## ДОПИР СО СВЕТЛИНАТА

# SUZANA POP-IKONOMOVA
## TOUCH WITH THE LIGHT

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ

# СУЗАНА ПОП-ИКОНОМОВА
## ДОПИР СО СВЕТЛИНАТА
# SUZANA POP-IKONOMOVA
## TOUCH WITH THE LIGHT



Октомври, 2010
October, 2010

# ПРОСВЕТЛУВАЊЕ

Во време на инструментализација на видот, на манипулација со перцепцијата, аперцепцијата и репрезентацијата; кога електронските импулси од екраните ја создаваат нашата слика на светот, кога како последица на слабеењето на централниот (фовеален) вид во полза на периферниот, нашето внимание се повеќе слабее; кога како последица на психотропските пореметувања и дисолуцијата на видот стануваме се повеќе зависни од електронското треперење на екраните пред нас и нивните лажливи слики, слики што го поништуваат својот темел, го поништуваат *својот крај и својот почеток*, слики создадени врз една поинаква онтологија, слики што се шират како конвергентни кругови, слики што летаат наоколу како балончиња од сапуница во кои се прелеваат сите бои на виножитото, кои се шират во сите насоки, се преклопуваат, се надградуваат и се надоврзуваат преку нови и нови точки на допирање и граници на простирање... кога сме дел од ваков свет - исклучителен потфат е кога некој ќе тргне во потрага по трансцедентниот извор на светлината. Ваквиот потфат денес се сведува на конквискадорската страст и упорност на истражувачите кои се упатиле кон непознатите и пусти предели на стварното, кои талкаат по скаменетата пустиња на стварното надевајќи се дека еден ден ќе го откријат бараниот волшебен извор.

Денес се соочуваме со наполно нов цивилизациски феномен: општо отсуство на способноста за гледање - луѓето го гледаат само она што однапред го знаат и што научиле дека треба да го видат. Симулацијата го завзема местото на стварноста. Медиумски посредуваните слики се повеќе стануваат модели за разбирање на спектакуларизираната стварност. Спектакулизираната стварност е заснована на медиумски претстави коишто се толку доминантни што ја одредуваат самата стварност. Основа на ваквата спектакуларна стварност е симулацијата, која под влијание на одбирање, селектирање и монтирање, функционира како стварност која се повеќе се одалечува од својата миметичка основа.

Враќањето во уметноста кон сопствените извори, кон разбирањето на сликата како *sensations colorantes*, кон Сезан и *окото што мисли,* наспроти сегашниот *распад на светлината* (*désgrégation lumineuse*) и *светлина што нема своја слика а сепак создава слики*, враќање кон сликарството како сликарство, го одредува, како и хилијазмичката треска, творештво на Сузана Поп-Икономова.

Сликите на Сузана Поп-Икономова одново ја афирмираат можноста за гледање, го овозможуваат погледот. Во центарот на овие слики е човековото тело (како можен извор на светлина) или, поточно, тела озрачени од љубовта (љубовта и светлината се изедначени), значи, авратични тела, тела во светлечката авра на љубовта. Основа на сликата е темнината: бездна на телото, бездна на материјата... Љубовта го осветлува мрачниот свет, од телата на вљубените пробива светлина и ја осветлува нивната плот, ја осветлува мрачната материја. Светлината го овозможува видливото и појавувањето на нештата. Низ плановите на сликата коишто се преклопуваат, се вкрстуваат и се сечат, низ колористичкото прекршување и прелевање доаѓа до пробивање на светлината, до погледот. Светлината е извор на хроматската супстанца што ја обликува сликата. Таа е во бездната на самата слика, во нејзиното пиктурално тело во просторот на инкубација на сите форми, каде е матрицата на сите нешта. Преку хармонизирање на малите обоени површини, или планови, се разградува предметноста во сликата. Границите на тие боени планови се стопуваат, така што боите вибрираат и пулсираат во жив ритам. Окото на гледачот мора да се движи од рамнина до рамнина и во длабочина. Предметите се кристализираат на површината. Од хаосот на сетилните податоци се создаваат нештата на дотогаш нов и невиден начин. Треба, оттаму, да се влезе во сликата и зад сликата, во живото и подвижно ткиво, во телото на сликата, во нејзината телесност која нема априорна форма туку е во неа мистеријата и светлината. Таму е бараниот мистичен извор, или, можеби, фонтаната во урнатата палата на Убавината, Добрината и Вистината.

***Емил Алексиев***

# ENLIGHTENMENT

In time of instrumentation of sight, manipulation of perception, apperception and representation; in time when the electronic impulses from the screens form our picture of the world; when due to the weakening of the central (foveal) sight on behalf of the peripheral, our diligence weakens even more; when due to the consequences of the psychotropic perturbation and dissolution of sight, we become more and more dependent on the electronic flickering of the screens in front of us and their deceptive pictures which eradicate their own foundation, which eradicate their beginning and their ending – pictures which are based on a different type of ontology; pictures that spread like convergent circles; pictures that fly around like soap bubbles in which all the iridescent colours of the rainbow spread in each and every direction, overlap, upgrade and attach to unceasingly new points of touch and limits of expansion... Since we are a part of such a world, it is a remarkable venture when someone begins a quest for the transcendent source of light. Such venture today is nothing else but conquistador's passion and persistence of the explorers who have been directed towards the unknown and desert realms of the actual, and who wander around the stony desert of the actual hoping to discover the required magic spring some day.

These days, a completely new civilisation phenomenon is being encountered: general absence of the ability to see – people see only what they already know and the things they were taught they should see. Simulation takes the reality's place. The pictures mediated by the media become models for understanding the sensational reality. The sensational reality is based on media presentations which are so dominant that determine the reality itself. The foundation of such sensational reality is the simulation which due to choice, selection and assembling functions as a reality which constantly distances itself from its mimetic core.

Suzana Pop-Ikonomova's works of art as a chiliastic fever determine a return towards the personal sources in art, a return towards the understanding of the painting as a sensations colorants, towards Cezanne and the eye that thinks, as a contrast to the current disintegration of light (désgrégation luminous) and the light that has no picture of its own and yet it creates pictures; a return towards the painting as painting.

The paintings by Suzana Pop-Ikonomova affirm the possibility to see once more – they provide sight. In the centre of these paintings is the human body (as a possible source of light) or, to be more precise, bodies enlightened with love (love and light are equal) i.e. bodies in illuminating temple of love. The darkness is the foundation of the painting: an abyss to the body, an abyss to the matter... Love illuminates the dark world; there is light spreading form the bodies of those who are in love and illuminates their togetherness – it illuminates the dark matter. The light provides visibility and appearance of the things. Throughout the plans of the painting, which overlap, intercross and cut through, and through the colourful refraction and overflowing, there is penetration towards the light and towards the sight. The light is a source of the chromatic substance that shapes the painting. It is in the abyss of the painting itself, in its pictorial body in the space of incubation of all the forms, where it is also the matrix of all the things. The thematic structure of the painting is disintegrated through the harmonisation of the small coloured surfaces or plans. The limits of those painted plans merge in such a way that the colours vibrate and pulse in a lively rhythm. The eye of the spectator has to move from a surface to a surface and in depth. The objects crystallise on the surface. From the chaos of the sensible data are created things in a new and unseen way before. At this point, it should be entered in the painting and behind the painting, in the live and agile tissue, in the body of the painting, in its bodiness which has not got an arbitrary shape but it contains the mystery and the light. There is the requested mystical spring or there might be a fountain in the ruined palace of the Beauty, the Kindness and the Truth.

***Emil Aleksiev***



Синтеза 1 - *масло на платно*
Syntesis 1 - *oil on canvas*
70x50 cm



Синтеза 2 - *масло на платно*
Syntesis 2 - *oil on canvas*
70x50 cm



Синтеза 3 - *масло на платно*
Syntesis 3 - *oil on canvas*
50x40 cm



Светлосен допир - *масло на платно*
Luminous touch - *oil on canvas*
60x40 cm



Интимност - *масло на платно*
Intimacy - *oil on canvas*
100x70 cm



Танц со светлината - *масло на платно*
Dance with the light- *oil on canvas*
100x70 cm



Интезитет - *масло на платно*
Intensity - *oil on canvas*
100x70 cm



Иницијација - *масло на платно*
Initiation - *oil on canvas*
100x70 cm



Допир во светлината - *масло на платно*
Touch with the light - *oil on canvas*
100x70 cm



Светлосни вибрации - *масло на платно*
Radiant vibration - *oil on canvas*
100x70 cm



Допир со светлината - *масло на платно*
Touch with the light- *oil on canvas*
100x70 cm



Потрага по светлината - *масло на платно*
Search of the light- *oil on canvas*
100x80 cm



*Биографија*

## Сузана Поп-Икономова

Сузана Поп-Икономова е родена во Скопје во Република Македонија, во 1970. Дипломира На отсекот сликарство на Факултетот за Ликовни Уметности во Скопје, во1998 во класата на Проф. Рубенс Корубин. Работи како професор во државното училиште за Применета Уметност *Лазар Личеноски* во Скопје. Исто така, таа е член на Друштвото на ликовни уметници на Македонија од 1999.

*Индивидуални изложби:*

1990 – *КО-РА* Галерија *“Кочо Рацин“* Дом на Културата, Скопје

*Групни изложби:*

1991 – *КО-РА* Галерија *“Кочо Рацин“*
Дом на Културата, Скопје
1999 – *Уметника Галерија* - Скопје
2000 – ДЛУМ *Галерија* - Скопје
2002 – Национална Галерија - Софиа, Бугарија

Адреса: 29 Ноември бр.54; Скопје; Македонија
e-mail: spopikonomova@yahoo.com

*Biography*

## Suzana Pop-Ikonomova

Suzana Pop-Ikonomova was born in Skopje in the Republic of Macedonia, in 1970. She graduated from the Painting Department at the Faculty of Fine Arts in Skopje in 1998 under Prof. Rubens Korubin's guidance. She works as a teacher at the *Lazar Lichenoski* State Secondary School of Applied Arts in Skopje. Moreover, she has been a member of DLUM (the Association of Artists in Macedonia) since 1999.

*Individual exhibitions:*

1990 – *KO-RA* Gallery – the *Kocho Racin* Home of Culture, Skopje

Group exhibitions:

1991 – *KO-RA* Gallery – the *Kocho Racin* Home of Culture - Skopje
1999 – *Art Gallery* – Skopje
2000 – DLUM's Gallery – Skopje
2002 – the National Gallery - Sofia, Bulgaria

Address: 29 Noemvri br.54; Skopje; Macedonia
e-mail: spopikonomova@yahoo.com

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ

*Издавач:* Музеј на град Скопје, *Одговорен уредник:* Јован Шурбаноски, *Организација на изложба:* Емил Алексиев, *Текст:* Емил Алексиев, *Дизајн на каталог:* Александар Прилепчански, *Превод на англиски:* Марија Василевска, *Фотографии:* Ицко Петрески, *Печати:* Скенпоинт, *Тираж:* 500, *Реализација:* Музеј на град Скопје, Октомври 2010.

*Publisher:* Museum of the city of Skopje, *Editor-in-chief:* Jovan Surbanoski, *Organization of the exhibition:* Emil Aleksiev, *Layout:* Aleksandar Prilepcanski, *English translation:* Marija Vasilevska, *Photographs*: Icko Petreski, *Printed by:* Skenpoint, *Circulation:* 500 copies, *Realization:* Museum of the City of Skopje, October 2010.